**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ХИГИЕНА СО ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ

**I ГОДИНА**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

***Медицинска сестра, забен техничар, фармацевтски лабораториски техничар, медицински лабораториски техничар, физиотерапевтски техничар***

**Скопје, 2008 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Назив на наставниот предмет: *ХИГИЕНА СО ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ*

### 1.2. Образовен профил и струка:

**1.2.1. Образовен профил**: ***медицинска сестра, забен техничар, фармацевтски лабораториски техничар, медицински лабораториски техничар, физиотерапевтски техничар***

.

**1.2.1. Струка:** ***ЗДРАВСТВЕНА***

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

**1.3.1. Стручно образование -заеднички предмет за струката**

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет: *ПРВА*

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

**1.5.1 Број на часови неделно: 2 часа**
**1.5.2 Број на часови годишно: 72 часа**

### 1.6. Статус на наставниот предмет: *ЗАДОЛЖИТЕЛЕН*

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

На крајот од образовниот процесс, ученикот треба:

- да **стекне** основни теоретски знаења за здрав начин на живеење;
- да се **здобие** со теоретси знаења за превентивните мерки во спречувањето на појавата и ширењето на заразните, незаразните и професионалните заболувања;
- правилно да **применува** стручна терминологија;
- да ги **применува** принципите и методите на здравственото воспитување во превенцијата на болестите и унапредувањето на здравјето;
- да **развива** одговорен однос за сопственото здравје и здравјето на другите;
- да **стекнува и развива** навики за одржување на здрава животна средина;
- да ги **интегрира и надоградува** торетските знаења во натамошното образование;
- да ги **применува** теоретските знаења во секојдневната практика;
- да **развива** позитивен став кон тимската работа и да ја **почитува** индивидуалноста на другите.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели потребни се предзнаења од наставниот предмет биологија изучуван во основното образование.

# 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
## 4.1. Структурирање на содржините за учење

| **Тематски целини** | **Бр. час.** | **Конкретни цели** | **Дидактички Насоки** | **Корелација меѓу тематски целини и предмети** |
|---|---|---|---|---|
| ***1. ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО***<br><br>**Здравје и болест**<br><br>**Промоција на здравјето**<br><br>**Здравствено воспитување** | **8** | *Ученикот:*<br>- да ги **дефинира** поимите: промоција на здравјето, здравје и болест и да ја о**бјасни** нивната содржина;<br><br>-да **објаснува** принципи и методи во здравственото воспитување;<br><br>- да **применува** здравствено - воспитни методи и принципи во активностите со врсни-ците;<br>- да ги **идентификува** здравсвено-воспитните сре-дства;<br>- самостојно да **изработува** здравствено - воспитни средства;<br>-да **учествува** во проекти со здравствено - воспитна содржина. | ***Демонстрација на***: слики, брошури, флаери, постери и др.<br><br>***Работа во групи:***<br>- изработка на здавствено - воспитни средства (летоци, флаери, плакати и др.).<br><br>***Посета на*** здравствени установи - диспанзери.<br><br>***Презентирација:*** Апликативен софтвер со примери од секојдневниот живот. | ***Биологија***:<br>- содржини од основно образование. |

| Тематски целини | Бр. час. | Конкретни цели | Дидактички Насоки | Корелација меѓу тематски целини и предмети |
|---|---|---|---|---|
| ***2. ЛИЧНА ХИГИЕНА***<br><br>**2.1. Градба и функција на кожата**<br><br>**2.2. Одржување на хигиената на рацете, нозете, телото, косата и усната празнина**<br><br>**2.3. Улога и хигиенско значење на облеката и обувките**<br><br>**2.4. Хигиена на половите органи,контрацепција и контрацептивни средства** | **10** | *Ученикот:*<br>- да **објаснува** градба и функција на кожата, постапките за одржување на личната хигиена, хигиенското значење на облеката и обувките, хигиената на половите органи и контрацепцијата;<br><br>- да **идентификува** последици од несоодветно одржување на личната хигина, половите болести и непознавањето на контраце-пцијата;<br>-правилно да ги **применува** стекнатите информации за одржување на сопственото здравје и здравјето на другите;<br><br>- да **делува** здравствено-воспитно во својата околина;<br>- да **изработува** проекти. | ***Дискусии*** за:<br>- за сите аспекти на личната хигиена, половото здравје и планирањето на семејството.<br><br>***Презентацаија*** на :<br>-слики,постери,видео записи.<br><br>***Симулација*** во пар: здравствен работник-болен<br><br>***Играње на туѓа улога***<br><br>***Изработка*** на проекти и анкети. | ***Биологија***:<br>-содржини од основно образование<br><br>***Анатомија*** :<br>-анатомија на кожата, усната празнина и половите органи<br><br>***Физиологија***:<br>-физиологија на кожата, усната празнина и половите органи. |

| Тематски целини | Бр. час. | Конкретни цели | Дидактички Насоки | Корелација меѓу тематски целини и предмети |
|---|---|---|---|---|
| *3. МЕНТАЛНА ХИГИЕНА*<br><br>**3.1. Поим за ментално здравје и ментална хигиена**<br><br>**3.2. Болести на зависност, причини за настанување, лекување и превенција**<br><br>**3.3.Психички стрес и психосоматски заболувања** | **12** | *Ученикот*:<br>- да **дефинира** поими: ментално здравје, ментална хигиена, здрава и стабилна личност, зависност, дрога, психички стрес, психосоматска болест;<br><br>-да **идентификува** причини што доведуваат до зависност и психички стрес;<br><br>-да **опишува** стабилна личност и мерки за превенција на болестите на зависност и психички стрес;<br><br>- да ги **применува** стекнатите знаења во чувањето и унапредувањето на сопстве-ното здравје и здравјето на другите. | ***Дискусии*** за:<br>Сите аспекти на менталната хигиена, болестите на зависност и превенција.<br><br>***Презентација*** на :<br>Апликативен софтвер, брошури, флаери и постери.<br><br>***Посета*** на Установи кои се занимаваат со превенција и лекување на болестите на зависност.<br><br>***Интереју*** со :<br>Терапевт-лекар специјалист за ментална хигиена.<br>***Изработка на проекти*** на тема болести на зависност. | ***Биологија:***<br>- нервен систем.<br><br>***Анатимија:***<br>- анатомија на нервен систем<br><br>***Физиологија:***<br>- физиологија на нервен систем. |

| Тематски целини | Бр. час. | Конкретни цели | Дидактички Насоки | Корелација меѓу тематски целини и предмети |
|---|---|---|---|---|
| ***4. УЧИЛИШНА ХИГИЕНА***<br><br>**4.1. Поим за училишна хигиена**<br><br>**4.2. Основни карактеристики на психо-физичкиот раст и развој на учениците**<br><br>**4.3. Хигиенски стандарди за училишен простор и наставни средства**<br><br>**4.4. Патологија на училишната возраст** | **12** | *Ученикот*:<br>- да **објаснува** значење на училишна хигиена, поими статурално и пондерално растење и основните карактеристики на психофизичкиот раст и развој на учениците;<br><br>- да го **согледа** значењето на хигиенските стандарди во училишната хигиена за здравјето на учениците;<br>- да ги **истражува** хигиенските стандарди во сопственото училиште;<br>- да ги **идентификува** несоодветните хигиенски стандарди;<br>- да ги **поврзе** несоодветните стандарди со појавата на болести кај учениците;<br>- да ги **применува** стекнатите знаења во секојдевниот живот. | ***Демонстрација*** на:<br>- слики и видео материјали од патологија на училишна возраст.<br><br>***Истражување:*** стандардите во училиштето.<br><br>***Посета*** на:<br>- друго училиште и диспанзер за училишни деца. | ***Биологија:***<br>-содржини од основно образование.<br><br>***Анатомија*:**<br>- анатомија на локомоторен csстем.<br><br>***Физиологија*:**<br>-физиологија на локомоторен систем, на видот и слухот. |

| Тематски целини | Бр. час. | Конкретни цели | Дидактички Насоки | Корелација меѓу тематски целини и предмети |
|---|---|---|---|---|
| ***5. ХИГИЕНА НА ИСХРАНАТА***<br><br>**5.1.Улога на исхраната за здравјето на човекот**<br><br>**5.2. Заболувања поврзани со неправилна исхрана**<br><br>**5.3. Чување и конзервирање на храната** | **14** | *Ученикот*:<br><br>- да ја **објасни** улогата на исхраната и хранливите материи за здравјето на човекот;<br><br>- да ги **идентификува** природните извори на протеини, масти, јагле-хидрати, витамини и минерали;<br><br>- да ги **опише** болестите поврзани со неправилна исхрана и консумирање на расипана храна;<br><br>- да ги **познава** методите за преработка, чување и конзервирање на храната;<br><br>- да ги **применува** стекнатите знаења во секојдневниот живот. | ***Дискусии*** за:<br>-Правилен режим на исхрана.<br><br>-Болести поврзани со неправилна исхрана.<br><br>-Преработка,чување и конзервирање на храната.<br><br>***Презентација*** на: слики, постери ,табели, видео материјали.<br><br>***Демонстрација*** на: техника и технологија за подготвика на оброк од здрава храна.<br><br>***Истражување*** за: Хигиенските навики во исхраната на врсниците.<br>***Изложба*** за здрава храна. | ***Биологија***:<br>-содржини од основно образование<br><br>***Анатомија***:<br>- анатомија на дигестивен систем<br><br>***Физиологија***:<br>- физиологија на дигестивен систем и метаболизам на материите. |

| Тематски целини | Бр. час. | Конкретни цели | Дидактички Насоки | Корелација меѓу тематски целини и предмети |
|---|---|---|---|---|
| ***6. КОМУНАЛНА ХИГИЕНА***<br><br>**6.1. Хигиена на воздухот**<br><br>**6.2. Хигиена на водата за пиење**<br><br>**6.3. Хигиена на отпаднте води и отпадните материи** | **8** | *Ученикот:*<br>- да ги **објасни** составот и значењето на воздухот,водата за пиење, земјиштето, отпадните води и отпадните материи;<br>- да ги **идентификува** изворите и материите,што ја загадуваат животната средина;<br>- да ги **класифицира** водоснабдителните објекти, методите и средствата за пречистување на водата за пиење и отпадните води, воздухот и земјиштето;<br>- да **изработува** проекти за штетните ефекти и последици од загадувањето на околината;<br>- да ги **применува** стекнатите знаења во секојдневниот живот;<br>- да **влијае** врз формирањето на еколошката свест кај врсниците. | ***Презентација*** на:<br>**-** видео записи, постери, флаери, табели и друг едукативен материјал.<br><br>***Дебата на тема***: загадувањето на животната средина или еколошка свет.<br><br>***Работа на групни проекти.***<br><br>***Посета*** на установи и институции кои се занимаваат со чување и заштита на животната средина.<br><br>**Презентација и *евалуирање*** на проектите. | ***Биологија***:<br>- содржини од основно образо-вание. |

| Тематски целини | Бр. час. | Конкретни цели | Дидактички Насоки | Корелација меѓу тематски целини и предмети |
|---|---|---|---|---|
| 7. **ХИГИЕНА НА ТРУДОТ**<br>**7.1. Поим и значење на хигиената на трудот**<br><br>**7.2. Професионални заболувања**<br><br>**7.3. Превенција на професионалните заболувања и заштита на работното место** | **8** | *Ученикот*:<br>- да го **објасни** значењето на хигиената на трудот и дејството на штетните агенси врз здравјето на работниците;<br><br>- да ги **идентификува** штетните агенси во работната средина,средствата и мерките за заштита од истите и најчестите професионални заболувања;<br><br>- да **изработува** проекти во врска со професионални заболувања кај здравствените работници;<br>- да ја **согледа** улогата и значењето на диспанзерот за трудова медицина;<br>- да ги **применува** стекнатите знаења при изведување на практичната настава и во текот на феријалната пракса. | ***Презентација*** на: слики, графикони, видеозаписи.<br><br>***Организирање*** на :<br>**-** индивидуално истра-жување со менторско водење;<br>- посета на индустри-ски објект (погон) и разговор со работни-ците во автентични услови;<br>-посета на диспанзер за трудова медицина.<br><br>***Демонстрирање*** на:<br>заштитни средства и техника на нивно применување. | ***Анатомија***:<br>- анатомија на кожа, респира-торен систем, дигестивен, нервен систем и анатомја на око и уво.<br><br>***Физиологија:***<br><br>- физиологија на кожа, респире-торен, дигести-вен, нервен систем, око и уво и циркулација и метаболизам на материите. |

## 4.2. Наставни методи и активности за учење

Основни методи кои ќе се применуваат во наставата по хигиена со здравствено воспитување се: ***насочено водена дискусија, објаснување, демонстрација, дискусија, учење преку сопствено откривање.***

**Активности на ученикот:** ***дискутира, дебатира, набљудува, открива, споредува, применува, истражува, работи на проекти*** и сл.

***Активности на наставникот: планира, организира, демонстрира, дискутира, објаснува, инструира, поставува прашања, презентира, евалуира и др.***

### 4.2. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по овој наставен предмет се реализира во специјализирана училница, кабинет за здравствено воспитување. Наставниот предмет е застапен со **два часа неделно**, во две полугодија.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите од овој наставен предмет, а во рамките на реализацијата на предвидените активности, потребни се следниве средства, помагала и литература:

#### 4.4.1. Средства и помагала

- Аудио и видео опрема, графоскоп, компјутер, дискети, компакт дискови;
- постери, слики, флаери и друг едукативен материјал.

#### 4.4.2. Литература за ученикот и наставникот

- учебник по хигиена со здравствено воспитување;
- дидактички материјали;
- дополнителна стручна литература од областа на хигиената и здравственото воспитување;
- литература од областа на дидактиката.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година врз основа на знаењата на учениците, кои кореспондираат со конкретните цели наведени во програмата. Оценката по предметот хигиена со здравствено воспитување треба да биде резултат на *континуирано следење* на ученикот, како во поглед на стекнатите знаења и реализираните активности, така и на позитивните промени на личноста на ученикот. При оценувањето се зема во предвид: активноста, интересот, залагањето, уредноста, учеството во индивидуални и групни проекти, односот кон соучениците, персоналот во установите што се посетуваат, наставните средства и помагала и др.. Оценувањето може да се реализира усно, преку тестови на знаења, индивидуални или групни проектни активности и сл..Оценката треба да се соопшти јавно. Во текот на едно полугодие ученикот треба да добие најмалку две оценки.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да нема говорни мани, да е комуникативен, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, подготвен за примена на иновациите во воспитно-образовната работа и да има позитивен став кон учениците.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот *хигиена со здавствено воспитание* ја реализраат кадри со завршени студии по:

1. Медицина
2. стоматологија

Наставниците треба да поседуваат педагошка-психолошка и методска подготовка.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА КУРИКУЛУМОТ

**7.1. Датум на изработка:** јуни, 2005 година

**7.2. Состав на работната група:**

**1. Гордана Донева-Атанасоска**, советник-Биро за развој на образованието, Скопје-раководител

**2. Д-р Зденка Ристеска,** ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов", Скопје-член

**3. Д-р Снежана Бинчева - Колевска,** ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов" Скопје-член

**Превземена: март 2008 година**

**8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

**8.1. Датум на започнување: септември 2008 година.**

**Наставната програма по ХИГИЕНА СО ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ ја одобри**

**(донесе)** :министерот за образование и наука со решение бр. 11-4189/2 од 19.07 2005 година.